Уп1 Бр. 08-369
Скопје 10.01.2023 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-369 од 19.12.2022 г. и Предлогот Уп1 бр.08-369 од 04.01.2023 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-39/11 од 10.01.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница одржана на 09.01.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-369 од 19.12.2022 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 45-та седница одржана на 21.12.2022 г., со Заклучок, арх.бр.02-4661/7 од 22.12.2022 г., го усвои Предлогот Уп1 бр.08-369 од 19.12.2022 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) телевизија ИРИС ДОО Штип, доставен од предлагачот, д-р Зоран Трајчевски, директорот на Агенцијата и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 г., поради тоа што по извршениот вонреден, по службена должност, административен надзор, во Извештајот арх.бр.03-4556/1 од 12.12.2022 г., беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3747/1 од 06.10.2022 г.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 22.12.2022 г. до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-369 од 22.12.2022 г., со кој беше известен дека доколку не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во погорецитираниот Правилник, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Известувањето Уп1 бр.08-369 од 22.12.2022 г., беше испратено до ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, во писмена форма. Со оглед дека до Агенцијата до моментот на донесување на ова Решение, не е доставена повратница од А.Д Пошта на

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

РСМ за прием на Известувањето (Уп1 бр.08-369 од 22.12.2022 г.), Агенцијата изврши проверка во електронскиот систем - следење на пратки на А.Д Пошта на РСМ преку кој се проверува статусот на пратката, при што беше констатирано дека цитираното известување е испорачано до радиодифузерот на 28.12.2022 г.

На 03.01.2023 г. до директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, доставен е Писмен извештај за извршен контролен административен надзор арх.бр.03-28/1 од 03.01.2023 г., со кој е констатирано дека ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, по што од страна на директорот до Советот на Агенцијата доставен е Предлог арх.бр.08-369 од 04.01.2023 г., за донесување решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 г.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-369 од 19.12.2022 г. и Предлогот Уп1 бр.08-369 од 04.01.2023 г. од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот, арх.бр.02-39/11 од 10.01.2023 г., Советот на Агенцијата на 1-та седница одржана на 09.01.2023 г., одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоренаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.